Одлука бр.20

**Управниот одбор на Македонската тениска федерација** на својата седница одржана на ден 02.04.2018 година, ја донесе следната:

МАКЕДОНСКА ТЕНИСКА ФЕДЕРАЦИЈА
Бр. 0202-20-6
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

**модифицирање и промени во системот на едукација при МТФ за тениски тренери како и одлука за постапката за добивање на соодветно ниво согласно новиот система на едукација**

### Член 1

Поради усогласување на системот на едукација на тениски тренери со ИТФ и отпочнување на процедура за признавање на системот на едукација на тренери, МТФ го прилагодува системот на едукација.

### Член 2

Досегашниот систем на едукација е согласно табелата подолу:

| **Ниво на едукација** | **Опис на нивото** |
|---|---|
| Мини тенис ниво | Работа со најмладите |
| Ниво 1 | Работа со почетници и средно ниво на тенисери |
| Ниво 2 | Работа со клубски тенисери |
| Ниво 3 | Работа со напредни тенисери |
| Топ тренер | Работа со високо ниво на тенисери |

### Член 3

Согласно новиот систем на едукација Мини тенис нивото се менува во Ниво - играј тенис, додека Ниво 1 и Ниво 2 се спојуваат во едно ниво односно Ниво 1. Нивото 3 преоѓа во Ниво 2, додека Топ тренер се преименува во Ниво 3.

### Член 4

Новиот систем на едукација изгледа согласно табелата подолу:

| **Ниво на едукација** | **Опис на нивото** |
|---|---|
| Ниво - Играј тенис | Работа со деца под 10 години |
| Ниво 1 | Работа со почетници и средно ниво на тенисери |
| Ниво 2 | Работа со напредни тенисери |
| Ниво 3 | Работа со највисоко ниво на тенисери |

### Член 5

Тренерите кои досега имаа Мини тенис ниво треба во следните две години да посетуваат семинар од два дена како би се здобиле со сертификат од Ниво - Играј тенис. Тренерите кои досега имаа Ниво 1 треба во следните две години да посетуваат семинар од четири дена како би се здобиле со сертификат од новиот Ниво 1. Сите останати нивоа автоматски преминуваат во соодветното ниво согласно новиот едукативен систем.

### Член 6

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

Македонска Тениска Федерација
Претседател на Управниот Одбор
Жарко Луковски

Скопје, 02.04.2018 година